**З А П И С Н И К**

**од 7-мата редовна седница на Советот на Општина Валандово**

**одржана на 27.02.2026 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 11.00 часот. Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова.

На седницата присутни беа сите членови на Советот на Општината, градоначалникот и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Општина Валандово и се емитуваше во живо.

За работа на 7-мата редовна седница, беше предложен дневен ред од 19 точки.

Претседателот на Советот предложи дополнување на дневниот ред со една дополнителна точка, 20-та точка:

-Предлог – Решение за утврдување на кандидати за претседател, секретар и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата-Валандово.

Процедурално за збор се јави Бранко Ѓорѓиев. Рече дека на оваа седница има разрешување на член на Надзорен одбор на ЈП Комунален сервис Валандово поради поднесена оставка за спечување на судир на интереси по укажување на Државната комисија за спречување на корупција. Рече дека можеби е направен превид кога е назначено ова лице и од ДКСК е сугерирано во иднина да се води сметка навреме да не дојде до назначување на лица кај кои би се јавил судир на интереси.

Дополнувањето беше ставено на гласање и изгласано со 15 гласа ЗА .

Претседателката на Советот Марија Чурлинова за работа на седницата го предложи следниот

ДНЕВЕН РЕД:

1. Предлог - Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово;
2. Завршна сметка на ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2025 година;
3. Финансиски извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025 година;
4. Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025 година;

5. Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година;

6. Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година;

7. Предлог – Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2026 година;

8. Предлог – Програма за управување со отпад во Општина Валандово за период 2026-2028 година;

9. Предлог – Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион;

10. Предлог – Решение за разрешување и назначување на вршител на должност - член на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово;

11. Предлог – Одлука за одобрување финансиска поддршка – месечна стипендија на Андреј Мишков од с.Удово, Општина Валандово за постигнати резултати во спортот;

12. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за подобрување на условите за престој;

13. Одлука на Управен одбор на Домот на културата „25 -ти Мај” Валандово за давање на согласност на времено користење на просторија на Општинскиот фудбалски сојуз Валандово;

14. Предлог - Програма за измена на Програмата за работа и развој на ЈП Комунален сервис Валандово за 2026 година;

15. Предлог - Одлука за одобрување на финансиска поддршка за реализирани и тековни програмски активности на „ЖФК Победа Валандово 16" Валандово;

16. Предлог - Правилник за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на професионалните пожарникари вработени во ТППЕ Валандово;

17. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на Училишен спортски клуб Валандово за организирање на регионална спортска лига во југоисточниот регион (мал фудбал);

18. Предлог – Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за музичка наобразба „Полифонија Стрингс” с.Јосифово, Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фестивал на мадолински оркестар;

19. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“ Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен детски фолклорен фестивал;

20. Предлог – Решение за утврдување на кандидати за претседател, секретар и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата- Валандово.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Никој не се јави со предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред со 20 точки и истиот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоен.

ТОЧКА 1

По Предлог - Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоен.

ТОЧКА 2

По Завршна сметка на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година, никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоен.

ТОЧКА 3

По Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година образложение имаше претседателот на УО на ЈП ,,Комунален сервис,, Драги Ѓорѓиев.

Верица Зајкова Стојанова се јави за збор. Рече дека во завршната сметка на ЈП прикажан е позитивен биланс од 4 000 000 денари, а од минатата година во извештајот има 7 000 000 денари во плус. Нормално е дека Општината треба да го поддржува единственото претпријатие, но исто така мора да се видат другите оперативни расходи на ЈП.

Градоначалникот се јави за збор. Рече дека се согласува дека треба да се помогне, но не може да се загрози работата на Општината. Со претходниот договор се превземени 21 000 000 за плаќање на ЈП. Треба да не ни се повторува и да не се загрози работата на Општината поради обврските на ЈП. Секој кој има обврска спрема ЈП треба да си ја подмири, да се плаќаат сметките навремено, за да не работи ЈП со загуба. Не се распишала набавка за електрична енергија на слободниот пазар со што би се постигнала за цена од 7-8 денари, туку се набавувало за 18 денари по киловат час и со тоа е направена огромна штета. Треба да се прекине со тоа и да се внимава и да се води кон сериозно водење на претпријатието. Рече дека општината не може да се пофали со позитивно работење на општината и проблемите треба да се решаваат. ЈП ќе отпочне со присилна наплата . Ако продолжи така и да не се подобри

работењето ќе се загрози работењето на општината. Ги повика сите граѓани кои имаат долгови да си ги платат сметките и да бидат рамноправни со тие 2/3 кои редовно си плаќаат. Секоја услуга која се користи, треба и да се плати. Рече дека овој извештај на ЈП не е реален одраз на финансиската состојба на ЈП.

Ерсан Фетиков се јави за збор. Како советник апелираше кон сите граѓани да си ги подмират сметките и долговите спрема ЈП и Општината. Рече дека во финансискиот извештај е прикажан позитива, а во регионот сите јавни претпријатија се со негативен извештај и државата ги финансира. Инаку рече дека буџетот на Општината се полни од граѓаните и вака само се прелева во ЈП, така да тоа не е штета, се работи за исти пари, на граѓаните.

Градоначаникот на ова даде реплика. Рече дека е апсурд заради неплаќање на сметките средствата на граѓаните да се враќаат во ЈП. Средствата треба да се враќаат кај граѓаните со подобрување на услугите.

Ерсан Фетиков се јави за контрареплика и рече дека и тој апелирал кон граѓаните сметките да си ги плаќаат редовно, но сакал да потенцира дека државата ги помага другите општини кои се должни.

Градоначалникот одговори дека кога едно претпријатие створа долгови со недомаќинско работење, лошо менаџирање со 60% поскапа струја. За неодговорно и расипничко трошење, наместо 21 000 000 денари сега долгот би бил 7-8 000 000 денари Ако се набавуваат водомери по 4200, а се продаваат на корисниците по 2800 денари нема оправдување за направената штета.

Надица Недиќ се јави процедурално и упати апел во иднина да се почитува деловникот за работа, каде што стои колку минути трае зборот и репликите и колку пати може да се јавува за збор и реплика.

Немаше друг пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025 година повторно образложение имаше претседателот на УО на ЈП ,,Комунален сервис,, Драги Ѓорѓиев. Рече дека Извештајот е ист со тој на претходната седница со измена на бројките на корисници на селектирање на отпад.

Надица Недиќ се јави за збор. Рече дека на претходната седница се укажа за несоодветно пополнување на Извештајот и на ревидирање на Програмата на ЈП. На претходната седница рече дека поставила прашање на претседтелот на УО за тоа колку семејства селектираат отпад, но тој немал одговор туку градоначалникот одговорил дека само 6 корисници селектираат отпад, а сега во Извештајот се прикажани 9, па се поставува прашањето дали повторно се точни бројките, 9 или 6

корисници.Рече дека требаше некој да дојде од ЈП на седницата и да образложи, бидејќи скоро цела седница е со точки од ЈП и тие подобро ја знаат ситуацијата од УО. Сознанијата кажуваат дека и институциите како Општината и училиштата селектираат отпад. Рече дека ОВ селектираше доста голема количина на хартиен и пластичен отпад и сега се поставува прашањето, каде сега ќе заврши овој отпад, дали на депонија. Рече дека има луѓе кои не скенираат, но селектираат отпад и дали е оправдано укинувањето на овој проект.

Градоначалникот зема збор. Рече дека дали се 6 или 9 корисници, не е голема разликата. Рече дека е постигнат договор со Пакомак да се определат места каде ќе се одложува селектираниот отпад. Сите домаќинства кои сакаат може да селектираат во контејнери. Сега за 9 корисници ЈП трошело средства, да дава кеси, да го собира отпадот, да го носи локации и да го дава бесплатно. Сега со новиот договор со Пакомак , ЈП ќе има можност да заработува.

Надица Недиќ се јави за контрареплика. Рече дека не се работи за тоа дали им е жал или не, туку како ќе се спроведува процесот понатаму и рече дека тие будно ќе го следат.

Ерсан Фетиков се јави за збор. Рече дека во Извештајот е направен пропуст за тоа што не е наведено дека и во Калково се собира отпад, а се собира отпад два пати неделно со трактор фергусон.

Немаше други пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По точката Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година по трет пат образложение имаше претседателот на УО на ЈП ,,Комунален сервис,, Драги Ѓорѓиев. Рече дека оваа корекција е направена поради лошата финансиска состојба на претпријатието, а е во согласност со рамката на регулаторната комисија. Рече дека се оди на горната граница заради подобрување на состојбата на ЈП.

Надица Недиќ се јави за збор. Рече дека ќе дискутира заедно за 5-тата и 6-тата точка. Рече дека се расправа за зголемување на тарифите за отпадни води и водоснабдување. Нагласи дека ова не е прашање на власт и опозиција туку на економска оправданост и дека тие не се против стабилност на ЈП. Рече дека во минатото таа гласала за покачување на цените кое било минимално и во согласност со регулаторната комисија, но денес има поинаква ситуација. Во 2025 година имало ситуација кога според Одлука на регулаторна комисија во време на енергетски кризи и раст на плати се направила минимална корекција, а сега се оди за покачување од

10 % во време кога според Финансискиот извештај ЈП не работи со загуба. Зголемување од 10 % не е техничка корекција туку сериозно оптоварување на секое домаќинство. Рече дека сака да потсети дека во 2022 година и во 2025 година кога се разгледувало минимално покачување на цените, советниците од тогашанта опозиција била на став дека тоа ќе биде на товар на граѓаните а денес има 10 % зголемување, па прашува што толку суштински се смени. Сега кога власта не дозволува раст на платите, вели дека на работниците 400 евра им се доволни, а ЈП не работи со загуба ,вакво покачување не може да се поддржи.Ова зголемување нема оправданост. Како опозиција рече дека не бегаат од одговорност и за сериозни одлуки да гласаат против туку само бараат аргументи за тоа.

Градоначалникот се јави за реплика. Рече дека ЈП работи во позитива, ако ОВ му ги плаќа сметките.Во март кога ќе се зголеми минималната плата ќе се зголемат и надоместоците. Цената на вода во 2025 година не е усогласена со цената од регулаторната комисија и е за 2 денари и предизвикана е штета од 1 250 000 денари. А корекцијата сега се прави врз основа на барање поднесено во јануари 2025 година од претходната власт , а сега само се усогласува. А секое непочитување на Одлуката на ЈП носи кривична одговорност за штета на буџетот. Овие одлуки не се носат политички, туку врз основа на мерења, трошоци, анализи и за да се дојде до оваа цена не е виновна оваа власт, туку претходната, бидејќи наместо по 8 денари, набавила струја од 18 денари. Вистинската причина е лошото менаџерско работење, а сега цената е врз основа на барање за покачување од власта на СДСМ.

Контареплика упати Надица Недиќ. Рече дека точно е тоа што постои Решение од регулаторна комисија за вршење на корекција на цената и ако цената не е во согласност со тоа решение зошто сеуште нема пријава, зошто не се испита тоа. Рече дека сега нема нова Одлука или Решение туку врз основа на таа од 2025 година ја зголемувате цената на најголемиот праг. Граѓаните треба да сфатат само дека во таа рамка има од минимум до максимум, а сега се зема максималната цена.

Градоначалникот со контареплика на Надица Недиќ. Рече дека предлогот од регулаторната комисија е 28,24 денари и тоа е покачување од 8-10 %, но обврската е ако се намалат трошоците за системите, цената да може да се намали. Сите општини во регионот имат направено проекти за намалување на сметките со поставување на фотоволтаични системи, а ОВ не направила ништо. Доколку сега се направи ќе дојде до заштеда. Сега се работи на изготвување на техничка документација,бесплатно, од страна на две компании, за реконструкција на резервоар и кога ќе се обезбедат извори на финансирањеќе се реши вековниот проблем со водоснабдувањето. Додаде дека сите проекти кои поминаа на претходните седници веќе се одобрени од Владата и во наредниот период ќе се реализираат.

Ерсан Фетиков се јави за збор. Рече дека добро е што има расправа. Рече дека не е проблем покачувањето на цената, но треба да се мисли на стандардот на граѓаните, се покачува струја, вода, бензин и др. а ги повикуваме да си ги плаќаат сметките. И доколку имало недомаќинско работење тој повика да се пријави и да се покрене кривична одговорност, бидејќи доколку не се покрене постапка ќе биде соучесник.

Градоначалникот се јави со реплика. Рече дека градинката должи 3 500 000 денари и 2 месеци тој молел за да не им се исклучи струјата. Праша дали знаат колку должи општината за престојот на децата во градинката. Дали треба некој да ја донира својата плата или паушал за работата на општината и зошто порано родителите си плаќале 1500 денари, а сега да биде бесплатно, зошто таква нееднаквост. Сега имаме Одлкука за одобрување на 1 000 000 денари за да не пропадне градинката.

Момчило Павлов се јави за збор. Рече дека сега спроведуваме Решение на регулаторна комисија кое не може да се избегне. Се поставува прашање дали ако ЈП не го спроведе Решението на регулаторната комисија му се закaнува плаќање на глоба од 25 000 евра, за неспроведување на Решение и кој истата ќе ја плати.

Градоначалникот реплицираше на дискусијата на Момчило Павлов. Се заблагодари за констатацијата и тој го постави истото прашање, доколку не се спроведе решението од регулаторната комисија ќе следи глоба и кој ќе ја плати казната. Рече дека Советот е тело кое работи по закон и никако поинаку.

Надица Недиќ се јави со контареплика. Рече дека покачувањето ако не било во рамките на дозволеното, регулаторната комисија немало да даде одобрение. Рече дека се работи за просечна минимална и просечна максимална цена. Се направила корекција и не се прави ништо незаконско ако се оди со минимална корекција наместо со максимална.

Градоначалникот ја праша Надица Недиќ, колку е разликата од минималната до максималната, а Надица Недиќ одговори дека е 10%. И на решението од минатата година се оди на покачување до максимум.

Ивана Танчева се јави за збор. Рече дека сака јавно да даде поддршка на градоначалникот и дека нереално е за само 3 месеци на власт од него да се бараат чуда и да се осудува дека не е направено ништо во Општината. Рече дека претходниот градоначалник беше на власт 8 години и освен некој летниковец и некоја асфалтирана уличка не видовме ништо .ЈП ,,Комунален сервис,, Валандово смени 5-6 директори , но никој не го доведе до една нормална состојба, напротив е заглавено во долгови за електрична енергија. Знаеме дека вработените немаат земено плата 5-6 месеци, но сега знаеме само да критикуваме дека општината не

работи добро и да објавуваме социјални мрежи. Рече дека таа искрено верува дека дадените ветувања од страна на градоначалникот ќе бидат реализирани, а само празни зборови како до сега.

Надица Недиќ упати реплика .Рече дека колешката Ивана Танчева е трет мандат советник и во првиот мандат гласала ЗА овие одлуки.

Немаше други пријавено за дискусија па точката Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА и 7 ПРОТИВ.

ТОЧКА 6

По Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА и 7 ПРОТИВ.

ТОЧКА 7

По Предлог – Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2026 година градоначалникот даде образложение.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА .

ТОЧКА 8

По Предлог – Програма за управување со отпад во Општина Валандово за период 2026-2028 година за збор се јави Ерсан Фетиков. Тој рече дека ги чита сите документи кои се доставени за Совет и има забелешки на Програмата. Рече дека тоа е стратешки документ и треба да се внимава и истата да се корегира. Во 1.1 во комунален отпад на сликата што е дадена стои дека има чуварска служба, а фактички нема и оградата што е на сликата не е таква, таа е уништена од тие што имаат стока. Пишува дека отпадот се собира од сите населлени места а не и од градот и дека во 2026, 2027 и 2028 година ќе се собере по 500 м3 отпад помалку, зошто е тоа така, дали поради тоа што годишно се селектира по 500 м3 отпад и како сега ќе се постигне тоа. Во делот за собирање на опасен отпад, не е навдено дали ЈП и Општината има дозвола за собирање на опасен отпад, дали има уредно место за тоа и што спаѓа во опасен отпад. Во населеното место Калково не е наведено дека се собира отпад, а тоа се прави секој вторник.

Градоначалникот даде појаснување дека и Калково и Горна Маала не се спомнуваат бидејќи се под с.Јосифово, но од 2015 година има промени и тие се посебни населени места. Упати повик кон сите институции да издаваат документи на населените места.

Ерсан Фетиков додаде дека овде се работи за пропуст, бидејќи некаде се спомнува Калково, а некаде не. И на изготвениот документ не стои име и презиме на тој што ја изготвил и затоа тоа се изјасни дека нема да ја гласа.

Градоначалникот појасни дека секоја Програма може да се дополнува и изменува во наредниот период.

Немаше други пријавено за дискусија па точката Предлог – Програма за управување со отпад во Општина Валандово за период 2026-2028 година беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 6 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 9

По Предлог – Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион образложение даде градоначалникот Бранко Ѓоргиев, како претседател на Комисијата за соработка со други општини. Појаснување даде и градоначалникот Ѓоко Камчев и потенцира дека целта на оваа соработка е регионално заедно да се привлечат повеќе туристи.

Немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог – Решение за разрешување и назначување на вршител на должност - член на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово претседателот на Комисијата за мандатни прашања Мартин Мишков даде образложение. Рече дека на Комисијата беше разгледано барањето за оставка на Горан Ѓорѓиев и истото беше прифатено, а за нов предлог член предложена Тамара Нанова .

Немаше никој пријавено за дискусија , па беше изгласано со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Предлог – Одлука за одобрување финансиска поддршка – месечна стипендија на Андреј Мишков од с.Удово, Општина Валандово за постигнати резултати во спортот немаше пријавено за дискусија, па беше изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 12

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за подобрување на условите за престој беше отворена расправа.

Надица Недиќ се јави за збор. Рече дека се укина Одлуката за бесплатен престој на децата, а денес се одобрува 1 000 000 денари за подобрување на условите. Рече дека тие како опозиција не се против, но само сакаат да знаат што конкретно ќе се подобрува и сакаат да има отчетност и ќе бараат резултати.И реагираше на тоа дека барањата и материјалите од граѓаните не се ставаат во материјалот за седница, па не знаат за што се бараат средствата.

Градоначалникот рече дека со тие средства ќе се подобруваат условите во градинката кои се лоши како резултат на лошото работење. Се планира поправка на детската градинка во Брајковци и ќе се плаќа надоместокот за децата кои се од семејства од социјален ризик, за околу 30 деца веќе се исплатени . Рече дека сите средства треба да се исплатат веднаш и дека ни е потребен систем, може да се задолжуваме за тековни проблеми, а не за долг од 3 500 000 кој го има детската

градинка.Рече дека и овие средства 1000 000 денари не се доволни и во наредниот период ќе се одобри уште и нема да се дозволи да им се исклучи струјата.

Надица Недиќ рече дека тие ќе ја поддржат оваа Одлука и нејзин начин на работа не е манипулација и доколку во иднина треба повторно да се одобрат средтва тие пак ќе гласаат ЗА.

Никој друг не се јави за збор и Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за подобрување на условите за престој беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА .

ТОЧКА 13

По Одлуката на Управен одбор на Домот на културата „25 -ти Мај" Валандово за давање на согласност на времено користење на просторија на Општинскиот фудбалски сојуз Валандово никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА .

ТОЧКА 14

По Предлог - Програма за измена на Програмата за работа и развој на ЈП Комунален сервис Валандово за 2026 година образложение пак имаше претседателот на УО на ЈП ,,Комунален сервис,, Драги Ѓорѓиев. Рече дека Програмата е иста со таа на претходната седница со измена на начинот на селектирање на отпад.

Данче Ѓоргиева се јави за збор. Рече дека ЈП Коминален сервис треба во новата програма да го земе во обзир тоа што јавните чешми во населените места не се функција и иститите треба да се стават во функција. Конкетно за Јосифово рече дека се работи за 3 чешми.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА .

ТОЧКА 15

По Предлог - Одлука за одобрување на финансиска поддршка за реализирани и тековни програмски активности на „ЖФК Победа Валандово 16" Валандово во износ од 100 000 денари никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 16

По Предлог – Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на професионалните пожарникари вработени во ТППЕ Валандово денари никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 17

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на Училишен спортски клуб Валандово за организирање на регионална спортска лига во југоисточниот регион (мал фудбал) во износ од 80 000 денари образложение даде градоначалникот на Општината.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 18

По Предлог – Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за музичка наобразба „Полифонија Стрингс” с.Јосифово, Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фестивал на мандолински оркестар во износ од 100 000 денари денари никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 19

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“ Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен детски фолклорен фестивал во износ од 150 000 денари никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 20

По Предлог – Решение за утврдување на кандидати за претседател, секретар и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата-Валандово во состав: Златко Белчевски- за претседател, Дејан Донев за секретар, Павле Павлов, Ристе Невеселов, Горан Јанакиев, Ѓорѓе Бошњачки, Андон Нунов за членови.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

## СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

Денис Караелмазов

Тој го праша градоначалникот кога ќе се постават автобуски постојки за граѓаните кои патуваат од с. Калково, а исто така и од с. Казандол, па ако има потреба и во други населени места.

Градоначалникот одговори дека ова е веќе увидена тема и се работи на тоа. Рече дека се знае во кои населени места недостигаат постојки и направни се контакти со фирма во регионот која ќе донира 5-6 постојки. Доколку уште недостигаат општината ќе ги набави и тие.

Ерсан Фетиков

Со оглед на тоа дека треба да бидеме гласот на народот на Општина Валандово, во име на граѓаните кои садат зелка. Рече дека кога претходно спомнал не бил сфатен сериозно. Говорот не е наменет за институцијата Општина Валандово и градоначалникот, туку заедно од Советот и градоначалникот да се покрене постапка, министерот за земјоделие да се донесе во Општината што побрзо да има средба со земјоделците, како што има средби со овчарите, тутунарите и др, земјоделци и со тоа да им се излезе во пресрет на граѓаните бидејќи нивните насади со зелка веќе се расипуваат, а тоа им е основна егзистенција.

Градоначалникот рече дека ова не е прашање туку апел за да се помогне на земјоделците. Тој го праша советникот Ерсан Фетиков дали досега има садено зимска зелка, а тој одговори дека садел претходниот ден.

Градоначалникот даде образложение како зелката е култура која секоја година различно поминува, се случува да биде 30-40 денари, а други години 2 денари, пазарот ја диктира цената. Имало години кога поради временски неприлики останува поплавена под вода.Може да се побара некој од институциите да дојде и ако се случи тоа, за тоа ќе бидат советниците известени, но треба да бидеме свесни дека живееме во пазарна економија и пазарот ја диктира цената. И иако некој сака да го обвини градоначалникот за цената на зелката, тие што разбираат знаат дека не е така.

Немаше други советнички прашања и седницата беше заклучена.

Записничар:
Соња Христова Јовановиќ

Претседател на Совет на
Општина Валандово
Марија Чурлинова